ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ – СКОПЈЕ

Наш број 02-527/11
од 16.11.2026

Општина Ѓорче Петров - Скопје
Ул. „Ѓорче Петров“, бр. 22
1000 - Скопје

Тел. (02) 2044411; 2039 307
Тел. (02) 2033 471; 2059941
kontakt@opstinagpetrov.gov.mk
www.opstinagpetrov.gov.mk

ИЗВЕСТУВАЊЕ

за прекинување на Јавниот повик бр. 01 за субвенционирање на дел од трошоците направени за обука за полагање на возачки испит од „Б“ категорија за 2026 година

Комисијата за спроведување на Јавниот повик за субвенционирање на дел од трошоците направени за обука за полагање на возачки испит од „Б“ категорија за 2026 година ја известува јавноста дека, согласно точките 1.4, 1.5 и 4.2 од Јавниот повик бр. 01, поради целосно исцрпување на предвидените финансиски средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за оваа намена, **Јавниот повик се прекинува.**

Комисијата ги изврши разгледувањето и евалуацијата на пристигнатите барања, согласно условите и критериумите утврдени во Јавниот повик.
Листата на добитници на субвенции ќе биде јавно објавена на веб-страницата на Општина Ѓорче Петров, со користење на индивидуалните кодови/шифри доделени при поднесувањето на барањата, согласно точка 4.5 од Јавниот повик.

За секој барател ќе биде донесено поединечно Решение за доделување или одбивање на субвенцијата, согласно исполнувањето на условите утврдени во Јавниот повик.
Со објавувањето на ова известување, јавноста се информира дека поради исцрпување на предвидените финансиски средства, Општина Ѓорче Петров престанува со прием на нови барања за оваа намена.

Комисија за спроведување на Јавниот повик за субвенционирање на дел од трошоците направени за обука за полагање на возачки испит од „Б“ категорија за 2026 година

Претседател на Комисијата

Бобан Стојаноски